РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ВО АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2022 ГОДИНА

## I. **Вовед**

Корупција како поим претставува злоупотреба на службената положба за остварување незаконска приватна добивка, односно „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг" (согласно Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси).

Според истиот закон, "*под судир на интереси* се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес, што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".

Формите на корупција се разликуваат, но вклучуваат: поткупување, изнуда, протекции, непотизам, покровителство, мито и проневера.

Од филозофски, верски или морален аспект, корупцијата често се однесува на духовна и морална нечистотија, или отстапување од идеалноста.

Во најопширна смисла, корупцијата претставува злоупотреба на моќта од страна на именувани, избрани, односно назначени лица, работно место или позиција на социјална и економска хиерархија, преку злоупотреба на јавните овластувања, политичка позиција, економската моќ и сл., за незаконско стекнување имот за себе или за друго лице.

Корупцијата, како многу штетна појава за општеството, влијае врз:

- ✓ Губење на довербата за постоење на правна држава и демократски систем,
- ✓ Политичката и општата стабилност на државата и пошироко,
- ✓ Проширување на корумпиран менталитет во секторите на општеството и кај самото население,
- ✓ Создавање на јаз помеѓу богатите и сиромашните,
- ✓ Придонесувањето во намалувањето на странските инвестиции,
- ✓ Економскиот развој, преку генерирање на значителните нарушувања и неефикасности,
- ✓ Намалување на квалитетот на владините услуги и инфраструктура и т.н.

Поимот корупција, ги опфаќа и поимите на:

- ➢ Пасивна корупција - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување, во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски, и
- ➢ Активна корупција - намерно делување, на кое било лице, кое директно или преку посредник, ветува или дава корист, од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување, во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

Мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката, мерките и активностите за спречување на судирот на интереси, мерките и активностите за спречување на корупцијата при вршењето работи од јавен интерес на

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

правните лица, сврзани со остварувањето на јавните овластувања, како и определувањето на кривичните санкции во насока на заштитата на слободите и правата на човекот и на другите основни вредности, обезбедувањето на заштита на укажувачите во врска со заштитено пријавување на појава на корупција и потикнувањето и подржувањето на лобисти и лоби организации при промовирање на јавни политики, во насока на транспарентност на антикоруптивните процеси, се регулирани со повеќе законски решенија, од кои, меѓу најзначајни се: Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Кривичниот закон, Закон за заштита на укажувачи и Закон за лобирање.

Борбата корупција, како сложен и нееедноставен процес, бара соодветен, смислен, планиран ангажман и иницијативност, на целото општество и институциите во неа, на повеќе нивоа и форми, а со тоа и на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Агенцијата за квалитет во високото образование, преку овој Годишен план за спречување на корупција и за проценка на ризици од корупција е определена да даде значителен, одлучен и одговорен придонес во спречување на корупцијата во Република Северна Македонија, преку воспоставување на механизми, форми и слично за зајакнување на свеста за штетност од коруптивното постапување.

Во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во секторот образование, се утврдени 8 проблеми за чие надминување се предвидени 18 мерки и 36 активности, а за реализација на дел од овие активности надлежен е и Агенција за квалитет. Во делот на Проблем 7: Подигнување на квалитетот во високото образование во сферата на акредитирање на високообразовните институции, научните установи и студиските програми, во Мерка 4: Обезбедување на транспарентност во работата на Агенција за квалитет, во делот на акредитирање на високообразовните институции, научни установи и студиски програми, во Активноста 4.1. - Објавување на детално образложените одлуки на Агенцијата за квалитет, реакредитациите и другите стручни активности, Агенцијата за квалитет се нотира дека континуирано ги врши своите задолженија.

## II. Начела според кои се води Агенција за квалитет во високото образование, во напорите за спречување на корупцијата и судирот на интереси

Системот на обезбедување, оценување, развој и унапредување на високото образование се остварува и преку Агенција за квалитет во високото образование (и Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност).

Органи на Агенција за квалитет во високото образование се: Одбор за акредитација на високото образование (во понатамошниот текст: Одбор за акредитација), Одбор за евалуација на високото образование (во понатамошниот текст: Одбор за евалуација) и Директор на Агенција за квалитет во високото образование.

Како релативно нова институција, Агенција за квалитет во високото образование (во понатамошниот текст: Агенција за квалитет), формирана во 2020 година, во изминатиот период не е третирана во релевантните извештаи за корупција, иако во перцепцијата на одредени лица, органи и институции, преку изјави, анонимни писма, анкети, стручни и други настани и сл., се посочува во однос на коруптивните дејства.

Агенцијата за квалитет, имајќи ги во предвид и стратешките евроатлантски цели и интереси на Република Северна Македонија, тргнува од определбата за неопходност за справување и спречување на корупцијата и последиците од неа, кои влијаат во уривањето на општествените вредности и демократските придобивки и попречување на владеење на правото при градењето на современо општество.

Во напорите за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Агенција за квалитет се води од следниве начела (предвидени и во самиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси):

- Начело на законитост:
  - Секој е должен во вршењето на функцијата, јавните овластувања и службената должност да постапува во согласност со Уставот и со законите.
  - Никој не смее да ја користи функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да го

изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице.

- Никој не може да биде повикан на одговорност за корупција освен во случаите и условите предвидени со овој закон, со Кривичниот законик и друг закон и во постапка пропишана со закон.

▪ Начело на интергитет:

- Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
- Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
- Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

▪ Начело на еднаквост:

- Секој има право на еднаков пристап кон вршењето на работи од јавен интерес и право на еднакво постапување од страна на носителите на власта и лицата кои вршат јавни овластувања и службени должности.
- Секој има право на слободно настапување на пазарот и на слободен натпревар, без страв дека може да биде жртва на монополско или дискриминаторско однесување.
- Секој има право да спречи или пријави корупција или извршување, односно пропуштање на дејствие што претставува искористување на функцијата, јавните овластувања, службената должност или положба за да се нанесе штета на друг, без да трпи какви било последици.

▪ Начело на јавност

- Вршењето на власта, функцијата, јавните овластувања, службената должност и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна контрола.
- Никој не може да се повика на примена на закон или друг пропис со кој ќе се ограничи или исклучи јавноста за да се прикрие корупција или судир на интереси.

▪ Начело на заштита и одговорност

- Секој има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно со закон.
- Секој кој е оштетен со коруптивно дело има право да бара надоместок на штета и изгубена добивка, според принципите на солидарна одговорност од страна на сторителот на корупцијата, како и од правното лице во кое сторителот вршел функција или должност во времето на извршување на делото.

## III. Плански документ на Агенција за квалитет, во напорите за спречување на корупцијата и судирот на интереси

Со цел успешно функционирање на сите аспекти од работењето и на Агенција за квалитет, како самостое стручен орган, несомнено е и неопходноста за потребата од изнаоѓање соодветен и ефикасен начин и за справување со корупцијата.

Агенцијата за квалитет, во функција на продолжување на борбата против корупцијата и судирот на интерсес, постапи по однос на овој девијантен општествен феномени и изработи плански документ, во кој се наведени најзначајни компоненти, кои треба да се спроведат во тековната 2022 година и во наредната 2023 година.

**Приоритетни проблеми во Агенцијата за квалитет**

1. Изразени влијанија и овластувања при одлучување на Агенцијата за квалитет и органите во состав (Одбор за акредитација, Одбор за евалуација и Директор на Агенција за квалитет), при дејствија поврзани со:

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

✓ *управни работи* (акти и дејствија преку кои се изразуваат или извршуваат надлежностите: изготвување на извештаји за акредитација на високообразовни установи, акредитација на студиските програми, акредитација на ментори за трет циклус на студии, оценување на квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручна работа на академскиот кадар на високообразовните установи и на нивните студиски програми и сл.), со кои се решава или влијае на правата, обврските или правните интереси на физичките лица, правните лица или другите странки во постапката, како и секоја друга работа која што е одредена како управна, со посебен закон),

✓ *управни дејствија* (донесување на управни акти, склучување на управни договори, заштита на корисниците, пред се високообразовните установи, на јавни услуги и услуги од општ интерес, како и преземање на други управни дејствија, во управните работи, во согласност со закон) и

✓ *донесување на управен акт* (поединечен акт, донесен врз основа на закон, со кој се решава за правата, обврските и правните интереси на странките и установите) од типот: решенија (пред се: донесување на решенија за акредитација на високообразовни установи, донесување на решенија за акредитација на студиските програми, донесување на решенија за акредитација на ментори за трет циклус на студии, оценување на квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручна работа на академскиот кадар на високообразовните установи и на нивните студиски програми и сл.), одлуки, наредби, дозвола за работа (решенија за почеток со работа на високообразовната установа и на студиските програми кои тие ги реализираат), забрана (пред се: одземање на решенијата за акредитација и сл.), одобрение или друго;

2. Недоволно изградени капацитети на Агенцијата за квалитет и органите во состав: Одбор за акредитација и Одбор за евалуација (недоволен број на вработени, стручни лица, како резултат на неодобрен државен буџет за вработување на нови лица и сл.);
3. Непостоење на прецизна законска регулатива за имплементирање на надлежностите на Агенцијата за квалитета и органите во состав: Одбор за акредитација и Одбор за евалуација, која доведува на примена на дискреционото право (преовладување на, пред се, личен став) од членовите на одборите;
4. Недоволно изградени капацитети на Државниот просветен инспекторат, за вршење на инспекциски надзор во високообразовните установи, во примена на актите (издадени од страна на Агенција за квалитет (и органите во состав) и Владата на Република Северна Македонија);
5. Недоволна свест за адресирање на прашањето поврзани со корупцијата, во рамките на високообразовните установи, а поврзани со дејноста на органите на Агенцијата за квалитет и органите во состав и на самата агенција;
6. Недостиг на прецизна законска регулатива по однос на дејноста на Агенција за квалитет и органите во состав;
7. Недостиг од процедури за набавки за соодветна реализација на набавките во Агенцијата за квалитет;
8. Недостиг на транспарентност при избор на членовите на Одбор за акредитација и Одбор за евалуација (особено во делот на именувањето на по 6 (шест) члена, во двата одбора, од страна на Владата на Република Северна Македонија);
9. Недостиг на доволна свест, капацитет и спремност за подигнување на квалитетот на високото образование, од страна на самите високообразовни установи и на самите одбори, во делот на акредитирање на високообразовните институции и на научните установи и акредитација на студиски програми кои се реализираат во нив;
10. Недоволно содржини во студиските програми, кои се реализираат во високообразовниот процес во високообразовните установи, за принципите на добро владеење и интегритет.

**Образложение на проблемите**

❖ Изразени влијанија и овластувања при одлучување на Агенцијата за квалитет и органите во состав (Одбор за акредитација, Одбор за евалуација и Директор на Агенција за квалитет), при дејствија поврзани со управни работи, управни дејствија и донесување на управен акт од типот: решенија, одлуки, наредби,

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

дозвола за работа, забрана, одобрение или други, се потенцијални извор за коруптивни дејствија. Не постојат прецирина постапки и алатки за следење на процедури од аплицирање, па до одлучување. Постојат пропишани критериуми и дадена е законска основа за одлучување при донесување на управен акт од типот: решенија, одлуки, наредби, дозвола за работа, забрана, одобрение или други, при што е можно случување на користење на „дискреционото“ право на директорот, на стручните комисии за утврдување на исполнетоста на условите за акредитација на студиските програми и на комисиите за утврдување на исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми, кои се реализират на високообразовните установи и научните установи.

- ❖ При вреднувањето на студиската програма од страна на трочлена стручна комисија, во која двајца членови треба да бидат од потесната научна област, конечната одлука за избор ја носи Одборот за акредитација, како колективно стручно тело. Ова не се применува доследно, во делот на составот. А исто така, тоа создава можност за поширока примена на лични ставови и фаворизирање на определена студиска програма од страна на Стручната комисија. Одборот за акредитација го потврди предлогот на стручната комисија, меѓутоа тоа се изведуава само од формален карактер.
- ❖ При реализирање на постапките за вработување во Агенцијата за квалитет, се користи и механизмот за времено вработување на кандидатите, што ѝ претходи на постапката за редовно вработување. Тоа претставува начин за влез на „селектирани“ кандидати во институцијата, и како резултат на фаворизирање и притисок при постапката за редовно вработување, што е резултат на непостоење на дефинирани критериуми, постапки и компетенции кои треба да ги поседуваат лицата кои изразиле интерес за вработување во институцијата. Со цел да се создаде клима за вработување, базирајќи се на компетенции и способности, во Агенцијата за квалитет и да се селектират членовите при избор, именување, односно номинација во Одбор за акредитација и Одбор за евалуација, исклучиво врз основа на компетенции, потребно е да се воспостават јасни критериуми и постапки при вработување, избор, именување, односно номинација, со детални образложенија.
- ❖ Недоволно изградените капацитети на инспекцијски надзор, непостоењето на сеопфатна методологија за постапување при вршење надзор, претставува изразен ризик од притисоци, односно влијанија од различит тип, основа и природа, при дејствија поврзани со управни работи, управни дејствија и донесување на управен акт од типот: решенија, одлуки, наредби, дозвола за работа, забрана, одобрение или други, донесени од страна на Агенција за квалитет и органите во состав. Со цел да се надминат наведените проблеми, потребно е да се зајакнат материјално-техничките услови, како и човечките ресурси на Агенцијата за квалитет, да се зајакне отпорноста на вработените во Агенцијата за квалитет и на членовите на Одбор за акредитација и Одбор за евалуација, Државниот просветен инспекторат, преку едукација и обуки и да се зајакнат механизмите за контрола на работата на истиве. Соодветно решение е и воспоставување на посебен Државен просветен инспекторат (исклучиво) за високо образование.
- ❖ Во рамките на високообразовните институции, постои ниска свест за адресирање на прашањето на корупцијата, поврзани со постапката за добивање на решенија за акредитација и оценување на квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручна работа на академскиот кадар на високообразовните установи и на нивните студиски програми и сл. Овој проблем не е опфатен во Стратешкиот документи и на Министерство за образование и наука и во другите релевантни документи, а не се наметнува ниту од страна на раководните органи на високкобразовните установи. Повремено се организираат конференции и дебати на оваа тема, меѓутоа официјални документи и активности нема. Со цел да се подобри состојбата во оваа сфера, потребни се кампањи и систематизирани активности за јакнење на свеста за превенирање на корупцијата во високообразовните установи, како и зајакнување на механизмите преку кои студентите и професорите може да пријавуваат корупција. Во Законот за високото образование, по однос на спречување на корупцијата е определен само еден член (член 107), со кој се регулира изборот на овластено лице за прием на пријави на корупција, кој се избира од страна на универзитетскиот Сенат, од редот на редовните професори на универзитетот, заради поефикасно спречување и заштита од корупција. Овластеното лице за прием на пријави на корупција, е должно: да постапува по пријавувањето, согласно утврдените процедури; да ги заштитат личните податоци на пријавувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на пријавувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци и да го

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

информира пријавувачот кој е познат за пре-земените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата. Овластеното лице за прием на пријави за коруп-ција се избира за време од три години, со право на уште еден избор. Овластеното лице за прием на пријави за корупција најмалку два пати годишно доставува извештај за својата работа до Сенатот на универзитетот.

❖ Членовите на стручните комисии при Одборот за акредитација на соодветното научно-истражувачко подрачје, поле и област за кое се однесува барањето за акредитација, ја гарантираат доверливоста на податоците кои се добиени во текот на постапката за акредитација, за што потпишуваат изјава за доверливост за контрола, заштита и неоткривање на доверливите информации, како и непостоење на конфликт на интерес, пред да започнат со работа во постапката за акредитација. Меѓутоа, реткост е почитувањето на ова за што се определиа самите членови.

❖ Членовите на Одборот за евалуација ја гарантираат доверливоста на податоците кои се добиени во текот на постапката за евалуација, за што потпишуваат изјава за доверливост за контрола, заштита и неоткривање на доверливите информации, како и непостоење на конфликт на интерес, пред да започнат со работа во постапката за евалуација.

❖ Не постои прецизна законска регулатива за регулирање на дејноста на Агенцијата за квалитет, прецирање на надлежностите и одговорностите. Во Законот за високото образование не е јасно дефинирано како се постапува по однос на управни работи, управни дејствија и донесување на управен акт од типот: решенија, одлуки, наредби, дозвола за работа, забрана, одобрение или други, донесени од страна на органите на Агенцијата за квалитет. Ова генерира ризик од злоупотреба на службената должност. Оттаму, потребно е воспоставување на прецизни критериуми за одлучување поврзани со управни работи, управни дејствија и донесување на управен акт од типот: решенија, одлуки, наредби, дозвола за работа, забрана, одобрение или други.

❖ Недостиг од човечки ресурси и процедури за набавки за соодветна реализација на набавките во Агенцијата за квалитет, донесуваат ризик за реализација на набавка надвор од Законот за јавни набавки, обезбедува можности и за корупција и злоупотреба на службената позиција. Во таа насока, потребно е итно вработување на стручни лица кои ја познаваат проблематиката по однос на јавните набавки и изготвување на подзаконски акти (кои треба да се дефинирани како задолжение во самиот Закон за високото образование) со кои ќе се регулира начинот на спроведување на набавки во установата.

❖ Поврзано со акредитација на високообразовни институции, научни установи и студиски програми и оценување на квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручна работа на академскиот кадар на високообразовните установи и на нивните студиски програми и сл., Законот за високо образование предвидува воспоставување на Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност и Агенција за квалитет во високото образование, кои имаат надлежности во однос на акредитацијата и евалуација на високообразовни институции, научни установи и студиски програми. Одредбите од овој Закон сè уште не се спроведуваат во целост, иако Законот е во сила од мај 2018 година (во делот на донесување на подзаконски акти од страна на Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, а со кои се регулира дејноста на Агенцијата за квалитет и на органите во состав.

❖ Во Законот за високото образование, Агенцијата за квалитет е дефинирана како „самостоен стручен орган", со три органи (Одбор за акредитација, Одбор за евалуација и директор на Агенцијата за квалитет). Одборите имаат обврска, согласно Законот за високото образование, да испратат извештај за својата работа до Министерство за образование и наука и до Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност, додека директорот (чие избирање и разрешување е во мандат на Собранието на Република Северна Македонија) нема обврска да известува за работата на Агенцијата за квалитет. Ова создава нејасна линија на отчетност и одговорност и отсуство на механизми на контрола и, истовремено, создава простор за влијанија. Не е дефинирано, што во случај доколку не се усвојува извештаите на Одборит од страна на Министерство за образование и наука и Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност?).

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509
Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

- Покрај тоа, постојат недоречености и во однос на транспарентноста при изборот на членови на органите во Агенцијата за квалитет (Одбор за акредитација и Одбор за евалуација), (особено) од страна на Владата на Република Северна Македонија, и по однос на соодветно недефинирани (и пропишани) критериуми врз основа на кои Интеруниверзитетската конференција ги избира по 6 (шест) членови од редот на универзитетските професори и по еден член од редот на студентите, во Одборот за акредитација, односно Одборот за евалуација. Потребно е измена и дополнување на Законот за високо образование, во функција на прецизирање на одговорноста на Агенцијата за квалитет; обезбедување на висока транспарентност во однос на изборот на членовите на одборите и за работата на Агенцијата за квалитет; преземање на активности за зачленување на Агенцијата за квалитет, како рамноправна членка во Европската мрежа на агенции за обезбедување квалитет во високото образование (ЕНКА).
- Недоволни се содржините во образовниот процес во високото образовние за принципите на доброто владеење и интегритет, што се приметува во самата содржина на студиските програми. Принципите на добро владеење и интегритет, претставуваат основа за превенција на корупцијата, заради што е неопходно младите да бидат едуцирани и запознаени со истите во текот на своето образование. Во Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, односно во Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, кои ги донесува Националниот совет за високото образование и научно - истражувачката дејност, по предлог на Одборот за акредитација, односно Одборот за евалуација, при самото пропишување на методологијата, стандардите и постапката за акредитација, односно евалуација на високообразовните установи и на студиските програми, пожелно е да се предвидува и едукативната програма во системот на високото образование, со вклучување на антикорупциски содржини во редовните студиски програми. Ова наметнува потреба од креирање и воспоставување едукативни антикорупциски содржини во системот на високото образование.

## IV. Антикорупцијска политика на Агенција за квалитет во високото образование

Антикорупцијската политика на Агенција за квалитет, во напорите за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се води во насока на нетолерирање на коруптивното однесување на вработените и членовите на одборите во состав на Агенцијата за квалитет, при користење на функциите, јавните и законските овластувања и службената должност.

Антикорупцијска политика - политиката на интегритет на Агенцијата за квалитет во високото образование е насочена кон:

- Одговорна проценка и отстранување на ризиците кои што придонесуваат за корупција, поткуп, судир на интереси, како и било друга форма на незаконско и неетичко однесување;
- Одговорно и чесно извршување на работните задачи и задолженија;
- Лојалност кон институцијата и грижа за нејзиниот углед, пред пошироката јавност и институциите со кои соработува;
- Должност за пријавување на било каков вид на коруптивно однесување, согласно пропишаните процедури за пријавување на случаеви за кои постои сомнеж за корупција, од страна на вработените во Агенцијата за квалитет, членовите на двата одбора во состав на Агенцијата за квалитет и пошироко, како дел од службена и граѓанска должност;
- Одговорност за лицата, вработени и членови на двата одбори во состав на Агенција за квалитет во високото образование, за непријавување на случај на поткуп или незаконско дејствие;
- Загарантираност на доверливост за лицата, вработени и членови на двата одбори во состав на Агенција за квалитет,кои пријавуваат случај на поткуп или незаконско дејствие.

## V. Цели на Годишниот План

Годишниот План за спречување на корупција треба да придонесе да се намали нивото на корупција и да се обезбеди повисока јавна доверба кон работата на Агенцијата за квалитет и неговите органи, како и зголемувањето на итегритетот, транспаретноста и отчетноста во Агенцијата за квалитет, во целост.

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

Спречување на корупцијата и конфликтот на интереси во Агенцијата за квалитет и органите во состав, во насока на зајакнување на свесноста за штетноста од коруптивното постапување, се очекува да се реализира преку исполнување на следниве цели:

- Спроведување на надлежностите на Агенцијата за квалитет и органите во состав, на законит, транспарентан етички, економичен, одговорен и ефективен начин, како основни начела за спречување на корупцијата и јакнење на довербата на јавноста;
- Обезбедување на интегритет и транспарентност при одлучување и донесување на одлуки, во согласност со системот на вредности, критериуми за квалитет, почитување на процедури и закон, недискриминација, трансдпарентност и сл.;
- Јакнење на надзорните и контролните механизми за правилно спроведување на законските решенија, за спothречување на неправилности и изнаоѓање на адекватни решенија;
- Подржување на механизмите за контрола и инспекција;
- Зајакнување на вештините на вработените во Агенцијата за квалитет и членовите на двата одбора во состав, во насока на квалитетно и одговорно исполнување на работните задачи и активности за кои се задолжени;
- Нулта корупција во јавните набавки во насока на заштита на јавните ресурси, добивање на најдобра вредност за јавните трошоци, обезбедување на фер конкуренција во постапките и правичен третман на понудувачите, постигнување на највисоко ниво на транспарентност на процесите, вложување во едукација на вработените, охрабрување на пријавувањето на неправилностите, надледување на процесот, вклучувајќи ја и контролата за спроведување на склучените договори;
- Подигнување на јавната свест и спроведување на антикорупцијска едукација и етика како важен елемент за создавање на информирана личност и со интегритет, како клучен фактор во борбата против корупција;
- Вклучување на граѓанското општество и медиумите во борбата со корупција, во насока на поттикнување на развојот, контролирање на регуларноста, помошта во креирање на антикорупцијски политики и изградба на системски правила, стандарди, професионализам и транспарентност.

Директор/Drejtor
Dr. Agim Rushiti